Прехранбена индустрија
„ВИТАМИНКА“ А.Д.
Бр. 02-772/8
Прилеп 29.04.2024 год.

Врз основа на членовите 478 и 479 од Законот за трговските друштва („Службен весник на Р.М.“ бр. 28/2004 и понатаму) и член 86 од Статутот на П.И.„Витаминка“ АД - Прилеп (арх.бр. 02-2251/15 од 11.06.2019 год. - пречистен текст), Одборот на директори на П.И.„Витаминка“ АД - Прилеп на седницата одржана на ден 29.04.2024 год. ја донесе следната:

# ОДЛУКА бр. 6/4/2024-О.Д.

***(за предлагање ревизорска куќа за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на Друштвото за 2024 год.)***

Член 1

**За ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на П.И.„Витаминка“ АД Прилеп за 2024 год. до Собранието на акционери се предлага за избор ревизорската куќа „ГРАНТ ТОРНТОН“ ДОО Скопје.**

Член 2

**При изборот на независниот ревизор, Одборот на директори ги имаше предвид следните критериуми:**

- **цената за вршење на услугите, искуството и know-how на надворешниот ревизор,**
- **претходно остварената успешна соработка меѓу Друштвото и надворешниот ревизор повеќе години наназад,**
- **референците од други компании,**
- **рокот за вршење на ревизијата,**
- **бројот и составот на ревизорскиот тим предвиден од искусен ревизор, угледот во ревизорската фела (фактот дека друштвото е едно од четирите најистакнати друштва за ревизија во земјата со респектабилен број клиенти, особено големи деловни субјекти) итн.**

Член 3

**Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.**

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Според член 478 став 2 од Законот за трговските друштва, друштвото е должно да има ревизорско мислење на финансиските извештаи најдоцна еден месец пред одржувањето на собранието. Исто така, според член 506 став 1: „Консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи не можат да бидат одобрени без да биде извршена ревизија.“

Ревизорското друштво, во целост, согласно со ревизорските стандарди и процедури, одговори на барањето на друштвото за понуда за извршување на предметниот вид услуги. Со ревизорското друштво е остварувана долгогодишна соработка, во рамките на која од двете страни беа целосно и квалитетно испочитувани преземените обврски. Од друга страна, станува збор за еминентно ревизорско друштво, со соодветна кадровска и материјална екипираност за максимално стручно извршување на доверената задача. Понудената цена е конкурентна и одговара на обемот на услугите што се вршат.

Врз основа на претходното беше одлучено како во диспозитивот на оваа одлука.

Одбор на директори:

1. Симон Наумоски, Претседател ________________
2. Сашо Наумоски, Генерален извршен директор ________________
3. Благоја Ѓорѓијовски, Неизвршен член ________________
4. Маја Кадиевска-Војновиќ, Независен неизвршен член ________________

Акционерско друштво „ВИТАМИНКА“ Прилеп